**ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ЗА ВРЕМЕ НА ИНФО СЕСИИТЕ**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ АКТИВНИ ВО ОБЛАСТА НА ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ**

**ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ:**

**„EWI - ЕКОНОМСКО ВКЛУЧУВАЊЕ И ПРАВДА ЗА ЖЕНИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН“**

Проектот **„EWI - Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан“** е финансиран од **Австриската агенција за развој (ADA)** со средства од **Австриската развојна соработка (ADC)**. Проектот го спроведува **CARE Balkans**, во соработка со партнерските организации – **ENECA** Ниш, **LINK** Мостар, **Консалтинг за стратешки развој** Скопје, и **Tehnopolis** Никшиќ.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка од **ADA**. Содржината на овој документ е единствена одговорност на **CARE Balkans** и под никакви околности не може да се смета дека ги одразува ставовите на **ADA**.

**1. План на активности и детален буџет – дали се однесува на буџетот од 10.000 евра или на друг буџет од проектот, и кога се изготвува?**

Планот на активности се однесува на активностите коишто избраните граѓански организации (ГО) ќе ги спроведуваат на терен. Во рамки на тоа се прави и план на буџетот во износот на доделениот грант од 10.000 евра според планираните активности. Планот на активности и планот за буџетот се прават откако ќе бидат избрани организациите и по првата обука за унапредување на капацитетите на ГО којашто ќе се одржи во првата половина на јуни. Планот на активности и буџетот потребно е да се изработат во рок од еден месец по обуката.

**2. Апликацијата за буџет не е приложена во повикот: дали се пополнува дополнително по одобрувањето на грантот?**

Во јавниот повик не е предвидено доставување на план на активности и буџет. Планирањето на буџетот ќе се врши по изборот на ГО во соработка со CARE Balkans и партнерската организација.

**3. Дали е дозволено аплицирање на повикот со партнерска организација?**

Не. Секоја организација аплицира самостојно.

**4. Дали апликантот и партнерската организација може да бидат од различни региони?**

Во јавниот повик е наведено од кои делови/региони/општини се ГО што можат да аплицираат.

**5. Дали временската рамка на проектот е до 2027 година и дали буџетот од 10.000 евра се однесува на целиот период, вклучувајќи надоместоци, експерти и оперативни трошоци?**

Проектот трае до 30 ноември 2027 година. Во тој период потребно е да се спроведуваат активности коишто се периодични, не секојдневни. Трошоците може да вклучуваат:

- Надоместоци за вработените и/или соработниците на организацијата ангажирани за проектните активности
- Патни трошоци поврзани со активностите
- Дел од режиските трошоци
- Трошоци поврзани со дисеминација во рамки на проектот (веб хостинг, спонзорирани објави...)

- Трошоци за канцелариски материјали
- Друго (доколку се одобри).

**6. Дали се очекува присуство на 350 учеснички на секоја од 18-те обуки (активност 5) или бројката се однесува вкупно за сите сесии?**

Тоа е вкупниот број за сите сесии во рамки на таа активност.

**7. Дали активностите под точка 5 може да се спроведуваат онлајн или мора да бидат со физичко присуство?**

Предвидено е активностите да се спроведуваат со физичко присуство.

**8. Дали 350 учеснички мора да биде единствен број на жени?**

Во рамки на една активност мора да биде единствен број на жени (не се бројат истите жени што присуствуваат на различни сесии во рамки на една активност).

**9. Дали жените кои се таргетираат мора да бидат од една општина/регион или може да бидат од повеќе општини/региони?**

Корисничките/учесничките може да бидат од повеќе општини/региони кои се предвидени во проектот (географскиот опфат е наведен во повикот).

**10. Дали критериумот за докажано искуство со проекти финансирани од донатори вклучува и спонзорства од приватни компании?**

Потребно е да се наведе искуството на проекти со слични активности, а изворот на финансирање не е ограничувачки критериум.

**11. Дали постои старосна граница за корисничките?**

Целната група се жени кои е потребно да се зајакнат, обучат и/или поддржат да основаат бизнис или да го унапредат постојниот бизнис. Нема горна старосна граница. Долната граница подразбира дека се старосно и законски способни сами да донесуваат одлуки.

**12. Колку месеци минимално и максимално може да трае проектот?**

Периодот на ангажман на ГО на проектот е од јуни 2025 година до 30 ноември 2027 година, со периодични активности. Вкупниот број на денови на ангажман не е познат во моментот и зависи од капацитетите, способностите и регионот кој го покрива ГО.

**13. Дали веќе се одредени корисниците на малите грантови и колкава е висината на тие грантови?**

Повикот за избор на корисници на малите грантови ќе биде објавен во септември. Висината на грантовите е:

- 2.500 евра за основање на бизнис

- 5.000 евра за унапредување на постоен бизнис и

- 10.000 евра за унапредување на капацитетите на женските асоцијации/здруженија.

**14. Дали треба да се достави биланс на состојба или успех?**

Документацијата која треба да се достави е наведена во повикот.

**15. Кога се добиваат средствата и во колкави износи/транши**?

Средствата се добиваат во транши за време на проектот, според условите коишто ќе се дефинираат во договорот, а по постигнување на планираните резултати.

**16. Кој е вкупниот број на корисници предвидени во проектот?**

Вкупниот број на корисници е наведен за секоја од планираните активности, а не на ниво на целиот проект, бидејќи е различен за секоја држава.

**17. Дали четиридневните обуки (точка 1) се одржуваат онлајн или во живо?**

Четиридневната обука за ГО предвидена за јуни 2025 година, ќе се одржи во живо.

**18. Дали сите инфо сесии, состаноци, обуки и други сесии (точки 3–7) треба да се одржуваат во живо?**

Сѐ е предвидено да се одржува во живо.

**19. Што може да се достави како доказ за позитивно работење за 2024 година, ако извештајот е штотуку поднесена во Централен регистар?**

Може да се достави завршната сметка што сте ја подготвиле за Централен регистар.

**20. Дали можат да аплицираат исклучиво организации со позитивно работење?**

Со оглед на тоа дека станува збор за невладини организации, не се очекува да имате остварено добивка. Најважно е да е видливо ефикасното работење и финансиското управување.

**21. Дали е познат точниот датум и место за четиридневните обуки?**

Во овој момент тоа не е познато.

**22. Дали постои контакт телефон за дополнителни информации?**

Сите информации може да се добијат по е-пошта: ceric@care.de

**23. Дали ДОО може да биде апликант ако ги исполнува другите критериуми и е раководено од тим од жени?**

ДОО не може да биде апликант.

**24. Дали е дозволено партнерство меѓу здружение и неформална група заради референци**?

Пријавата за повикот е исклучиво поединечна, се доставува од страна на една организација. Неформалните групи не ги исполнуваат условите за аплицирање.

**25. Дали постои табела со бодови за исполување на условите за грант?**

Табелата е интерен документ и не е вклучена во јавниот повик.

**26. Што покрива CARE, а што покрива буџетот на проектот?**

Од доделениот грант може да се финансираат следните ставки:
- Надоместоци на вработените и/или соработниците на организацијата ангажирани на активностите на проектот
- Патни трошоци поврзани со активностите
- Дел од режиските трошоци
- Трошоци поврзани со дисеминација во рамки на проектот (веб хостинг, спонзорирани објави...)
- Трошоци за канцелариски материјали
- Друго (доколку се одобри)

Останатите трошоци кои се поврзани со спроведување на активностите се финансирани од буџетот на проектот EWI.

**27. Кога се склучува договорот и дали е возможно да се откаже по обуката?**

Austrian Development Agency

care

Договорот се склучува пред обуката, така што не постои можност за откажување по обуката бидејќи договорот е обврзувачки.

**28. Трошоци за организација на работилници и обуки: дали ги покрива проектот или тие покриваат од одобрениот буџет за грантот?**

Овие трошоци ги покрива CARE, но кога е можно, добро е да се користат локални ресурси и бесплатни или поевтини простории.

**29. Кој ги плаќа предавачите за обуките?**

Со оглед на тоа што поголемиот дел од предвидените активности се однесуваат на поддршка за организација на сесии (наоѓање простор, мобилизација на жени, споделување информации...), експертите се ангажирани од буџетот на проектот EWI. **Освен за Активност 5**, каде се очекува ГО самостојно да организира кратки обуки за основни вештини и самодоверба. Во таков случај, ГО може да ангажира експерти како гостин-предавачи за на тој начин да ги минимизира трошоците кои би биле од грантот. Но, доколку е неопходно, експерт може да се ангажира и од буџетот на грантот кој го добила ГО.

**30. Режиски трошоци – доколку е обезбеден простор без надоместок, дали тој дел од буџетот може да се пренасочи за други трошоци (освежување, ручек, користење на сопствено возило...)?**

Тоа може да се договори, да се користи од ставката „други“ трошоци, доколку се вклопува во висината на грантот.

**31. Како се врши известувањето: дали е месечно, квартално или шестмесечно**?

Известувањето се врши квартално.

**32. Кој ги плаќа грантовите за потенцијалните кориснички?**

Грантовите се од буџетот на проектот EWI, а не од грантот кој го добива ГО.

ENECA Tehnopolis Inovaciono Preduzetnički Centar STRATEGIC DEVELOPMENT CONSULTING LINK PODUZETNIČKI CENTAR